На јавниот повик за доделување на грантови за транспарентност на граѓански организации (референтен бр. 11-26/1-2020), **пристигнаа 67 пријави од сите плански региони во земјата** .




Најголем дел од организациите кои доставиле пријава се регистрирани во Скопскиот регион (25), потоа во Пелагонискиот (9), Источниот (8), Југоисточниот (7), Полошкиот и Североисточниот (по 5), а најмалку апликации пристигнаа од Вардарскиот регион (4).

Во моментов се врши административна проверка на пријавите и проверка за подобност, по што, **за сите кои ги исполнуваат основните критериуми ќе биде направена оценка**
.
**МЦМС ќе додели најмалку седум грантови**
со кои здруженијата ќе можат да си ги подобрат организациските практики за транспарентно работење.

Повикот е дел од програмата „Одржливо граѓанско општество – државно финансирање на ГО“ која ја спроведува МЦМС во партнерство со Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) и Центарот за информирање, соработка и развој на граѓанските организации (ЦНВОС) од Словенија, а е финансирана од Европската Унија.